Проектантско монтажно инсталатерска задруга со ограничена одговорност
ЕНЕРГОМОНТАЖА
Бр. 06-47
13.09 2024 год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА АРАЧИНОВО - KOMUNA E HARAÇINËS
УПРАВНИ ОРГАНИ - ORGANET DREJTUESE
Бр.-Nr. 13-473/2
13.09. 2024 год. viti
АРАЧИНОВО-HARAÇINË

ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА:

Склучен во Скопје помеѓу договорни страни:

1.Општина Арачиново застапувана од Градоначалникот на Општина Арачиново Ридван Ибраими (во натамошниот текст: набавувач) и

2. ПМИЗ Енергомонтажа Скопје, застапувано од управителот Дрндар Рамиз(во натамошниот текст: носител на набавката)

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со огласот со поедноставена отворена постапка бр. **11731/2024 Поставување на систем на топлински пумпи за централно топловодно греење во јавните установи во Општина Арачиново,** и Одлука за избор на најповолен понудувач бр.**13-473/1** од **22.08.2024 год.**

ЦЕНА И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 2

Носителот на набавката, изведувањето на работите ќе ги изведе за вкупна вредност од **6,897,777.77 ден без ДДВ (проектот е ослободен од плаќање на ДДВ).**

Поединечните цени по активности се утврдени врз основа на цените постигнати на е-Аукција преку ЕСЈН и изготвената пресметка за процентот на намалување кои се составен дел на овој договор.

Член 3

Плаќањето на цената по член 2 на овој договор ќе се изврши вирмански и тоа во рок до 60 дена, по доставувањето на фактурата/ситуација за завршени работи, согласно одредбите на овој Договор со прилог записник за изведени работи согласно заверена градежна книга и градежен дневник потпишани од овластено лице на договорниот орган и носителот на набавката.

ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 4

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на работите, дефинирани по елементи како во член 2 од договорот;
- единечни договорни цени на секој од работните активности и елементи;
- вкупна цена на фактурата без ДДВ;
- пресметка за ДДВ;
- валута на плаќање.

Прилог на фактурата се уредно потпишани и заверени записник за извршените работи од овластено лице на договорниот орган

Во записникот задолжително се внесува

-местоположба на изведување на работите

-опис на изведените работи согласно предмерот

ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 5

Носителот на набавката е должен работите да ги изврши во рокот утврден со издавање на писмен налог за работа и на локации точно прецизирани во налогот за работа утврдени и во член 20 од договорот.

Носителот на набавката е должен да ги изврши работите по предмер пресметката од БЈН и со истата да започне по обострано потпишување на договорот со кој течат и роковите за изведба на работите. Доказот за успешно изведени работи го потврдува лице од договорниот орган во писмена форма определен од страна на набавувачот.

За реализација на наведените активности носителот на набавката треба да располага со соодветни човечки и технички ресурси согласно техничката спецификација.

Носителот на набавката се обврзува да ги изврши работите опишани во член 1 и 2 на овој договор

Носителот на набавката има право на наплата за извршените работи согласно цените утврдени во член 2 од овој договор, во рок и на начин утврдени во член 3 и 4.

Носителот на набавката има право да бара продолжување на рокот за извршување на работите со доставување на барање до договорниот орган во кој ќе бидат наведени причините за неможноста за реализација на работните активности по добиениот налог (необезбедени услови за работа, временски непогоди, доцнење на набавка на опремата и сл.).

Носителот на набавката е должен да ги изврши работите предмет на договорот, по претходно добиен писмен налог за јавна набавка од овластено лице на договорниот орган.

Член 6

Носителот на набавката е должен уредно да води евиденција за изведените работи, а таквата евиденција навремено да ја доставува до надзорниот орган назначен од набавувачот.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАБАВУВАЧОТ

Член 7

Набавувачот се обврзува да ја исплати фактурираната вредност, во рок утврден во членот 3 од овој Договор.

Набавувачот го задржува правото за намалување на количините за набавка според сопствено видување, изврши измена на предвидената опрема за вградување во консултација и писмена согласност со носителот на набавката.

Член 8

Набавувачот се обврзува да обезбеди сопствен надзор за контрола на работите кои се изведуваат.

Набавувачот има обврска да издаде налог за работа кој ќе ги содржи следните елементи:

- Местоположба на изведување на работите
- Број на договор по кој е издаден налогот
- Опис на работите кои треба да се изведат согласно предмерот.

Набавувачот има обврска да се произнесе по барањето за продолжување на роковите за извршување на работните активности утврдени во добиениот налог.

НАДЗОР НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Член 9

Набавувачот има право да врши надзор на изведените работи на носителот на набавката заради проверување и обезбедување на нивно уредно изведување, особено во поглед на видот, количеството и квалитетот на работите, на материјалните и опремата и на предвидените рокови.

Заради вршење на надзор договорниот орган има право на пристап на местото на кое се одвива работата.

Надзор на изведените работи го врши лице што ќе го определи договорниот орган.

За надзорниот инжинер што е определен да врши надзор и за неговите овластувања договорниот орган го известува носителот на набавката.

Член 10

Носителот на набавката е должен да му овозможи на договорниот орган вршење на надзор на местото на изведување на работите.

Член 11

Забелешките во поглед на начинот на изведувањето на работите, на употребениот материјал или на текот на изведувањето на работите договорниот орган е должен без одлагање да му ги соопшти на носителот на набавката.

Сите забелешки и наоди од договорниот орган се соопштуваат во писмена форма или се запишуваат во записник.

Член 12

Изведувачот е должен да постапи по сите основни барања од договорниот орган поднесени во врска со вршењето на стручниот надзор.

НАЧИН НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ИЗВЕДЕНИТЕ РАБОТИ

Член 13

Веднаш по завршувањето на работите. **Носителот на набавката** го известува договорниот орган дека работите што се предмет на договорот се завршени.

Носителот на набавката е должен по извршување на работите да достави записник за извршена изведба на објектите.

Член 14

Набавувачот и носителот на набавката се должни без одлагање да пристапат кон примопредавање и конечна пресметка.

Член 15

Ако **Набавувачот** започнал да ги користи изведените работи пред примопредавањето, се смета дека примопредавањето е извршено со денот на почетокот на користењето.

Член 16

За примопредавањето се составува записник кој ги содржи особено следните податоци:

1) дали работите се изведени според договорот, прописите и правилата на структурата;

2) дали квалитетот на изведените работи му одговара на договорениот квалитет, односно, кои работи Носителот на набавката треба на свој трошок да ги доработи, поправи или повторно да ги изведе и во кој рок тоа треба да го стори;

3) за кои прашања од техничка природа не е постигната согласност помеѓу овластените претставници на договорачите;

4) датумот на завршувањето на работите и датум на извршеното примопредавање.

Член 17

Записникот за примопредавање може да го состави и само еден договорач без учество на другиот ако другиот договорач неоправдано го одбие учеството во примопредавањето или неоправдано не се одзове на поканата да учествува во примопредавањето. Таквиот записник се доставува до другиот договарач. Со денот на доставувањето на записникот настануваат последиците во врска со примопредавањето.

ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОР

Член 18

Носителот на набавката дава гаранција за изведената работа 12 месеци по предавање на објектите.

За вградената опрема гаранцијата за презема од производителот, кој има свои сервисери и ја оддржува истата.

МЕСТО И РОК НА ИЗВЕДБА НА РАБОТИТЕ

Член 19

Носителот на набавката е должен да ги изврши работите по претходно добиен налог за изведување на работите.

Рокот за изведување на работите

- **45 дена за изведување на работите по потпишување на договорот согласно предмер пресметката и воведување во работа .**

Времетрање на договорот е **3 месеци** сметано од денот на склучување на договорот или пократко до вредносно исполнувње на истиот.

ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ НЕДОСТАТОЦИ

Член 20

Матерјалниот недостаток постои ако употребените материјали не ги имаат потребните својства за нивна редовна употреба или не ги имаат својствата и одлуките што се договорени.

Член 21

Набавувачот е должен реквизитите да ги прегледа на вообичаен начин за да се утврди дали постојат видливите недостатоци.

Доколку прегледот се изврши во присуство на обете страни, набавувачот е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти веднаш на носителот на набавката.

Член 22

Кога по приемот на реквизитите ќе се утврди дека истите имале некој недостаток што набавувачот не можел да го открие со вообичаениот преглед (скриен недостаток), набавувачот е должен за тој недостаток да го извести носителот на набавката во рок од 8 (осум) дена од денот кога го открил недостатокот.

Член 23

Доколку набавувачот навреме и уредно го извести носителот на набавката за недостатокот, може да бара од носителот на набавката да го отстрани недостатокот.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 24

Доколку некоја од договорените страни не ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или раскинувањето на Договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува Договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Договорниот орган го задржува правото да го раскине договорот без согласност од претходната страна без разлика на степенот на реализираноста на договорот, во тој

случај економскиот оператор се откажува од преземање на било какви активности вклучително и правни дејствија.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 25

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор спогодбено,а во согласност со член 119 од ЗЈН.

Договорната страна која бара дополнување или изменување на Договорот, должна е своето барање да го достави до другата страна во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се дополнат или изменат со склучување на анекс на овој Договор во писмена форма.

Член 26

Во случај на спор во врска со овој Договор надлежен ќе биде Основниот суд во Охрид.

Член 27

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја од договорните страни.

Согласен со модел на договор

Носител на набавка:
ПМИЗ Енергомонтажа Скопје

Управител
Дрндар Рамиз

Договорен орган:
Општина Арачиново
Градоначалник
Ridvan Ibraimi

III. 2. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

1. **Поставување на систем на топлински пумпи за централно топловодно греење во Основно Училиште Бајрам Шабани, с. Грушино-Општина Арачиново**

Ред. Бр.	Предмет и опис	Единична Мерка	Количина	Единечна Цена – Без ДДВ	Вкупно Без ДДВ
1	**Машински работи**				
1	Топлинска пумпа со топлинска снага од 30 kW или соодветна по технички карактеристики	парче	1	391900	391900

2	Профилен челик за носив елемент на топлинската тумпа	кг	80	90	7200
3	Антивибрациони носиви елементи - пружини	парче	4	3150	12600
4	Флексибилна витаулик спојка за топлинска пумпа со холендер DN 50	парче	2	4000	8000
5	Топчести вентили				
	DN 50	парче	11	7890	86790
	DN 40	парче	4	6750	27000
	DN 25	парче	1	5500	5500
	DN 20	парче	1	300	300
	DN 15	парче	1	240	240
6	IMI TA STAP DN 50 или соодветен по технички карактеристики	парче	1	9700	9700
7	Хидрауличнен регулационен уред - бафер од 250 литри Приклучоци: 4×DN50, горен приклучок за автоматски вентил DN15, долен приклучок за испуст DN20, приклучок за термометар, приклучок за манометар	парче	1	26680	26680
8	Комплет од челични прирабнички сетови за приклучоци на бафер, дихтунг, завртки, навртки, обични и еластични-федер подлошки DN100 / Ø4"	комплети	4	3190	12760
9	Електронски водена циркулациона пумпа 50Hz со работна точка: Q=5,2 m^3/h, Δp=75 kPa Pmax=333W Imax=1,55A U=1x230V или соодветен по технички карактеристики	парче	1	67390	67390
10	Електронски водена циркулациона пумпа 50Hz со работна точка: Q=5,5 m^3/h, Δp=15 kPa Pmax=136W Imax=1,19A U=1x230V или соодветен по технички карактеристики	парче	2	67390	134780
11	Лемен противструен плочест топлиноизменувач вода+30%глокол/вода со топлинска снага 60kW и 30%	парче	1	93380	93380
12	Термометар	парче	4	1580	6320

13	Манометар	парче	4	680	2720
14	Автоматски вентил за обезвоздушување	парче	2	450	900
15	Фаќач на нечистотии				
	DN 50	парче	2	2500	5000
16	Експанзионен сад волумен 50 lit.	парче	2	3830	7660
17	Сигурносен вентил со пружина DN 15, Δp=3 bar	парче	2	680	1360
18	Цевен развод од поцинкувани цевки				
	Ø54×1,5 mm	m'	36	685	24660
19	Press fitting, се наплаќа 100% од позиција 16	%	100	24660	49320
20	Press адаптери	парче	33	3750	123750
21	Еластомерна топлинска изолација со дебелина d=13 mm	m'	42	945	39690
22	Еластомерна изолациона трака	m'	30	680	20400
23	Налегнувачки термостат	парче	1	1430	1430
24	Неделен тајмер	парче	1	3750	3750
25	Електроенергетски ормар за топлинска пумпа и циркулациони пумпи, комплет со осигуривачи, контактори и биметали, снага цца 90 kW, степен на заштита IP54	паушал	1	58500	58500
26	Polypropilene glycol t=-100°C	кг	500	250	125000
27	Пуштање во погон	паушал	1	12000	12000
				Вкупно без ДДВ	**1366680**

2. ПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ТОПЛИНСКИ ПУМПИ ЗА ЦЕНТРАЛНО ТОПЛОВОДНО ГРЕЕЊЕ ВО О.У ЃЕРЃ КАСТРИОТИ СКЕНДЕРБЕГ – ОПШТИНА АРАЧИНОВО

Ред. Бр.	Предмет и опис	Единична Мерка	Количина	Единечна Цена – Без ДДВ	Вкупно Без ДДВ
1	**Машински работи**				
1	Топлинска пумпа со топлинска снага од 65 kW или соодветна по технички карактеристики	парче	4	653500	2614000
2	Профилен челик за носив елемент на топлинската тумпа		320	90	28800
3	Антивибрациони носиви елементи - пружини	парче	16	3150	50400
4	Флексибилна витаулик спојка за топлинска пумпа со холендер DN 50	парче	8	6380	51040
5	Топчести вентили				
	DN 100	парче	8	20700	165600
	DN 80	парче	4	14350	57400

	DN 65	парче	12	12200	146400
	DN 25	парче	1	5500	5500
	DN 20	парче	1	300	300
	DN 15	парче	1	240	240
6	Автоматски баланс вентили во комплет со актуатор				
	TA Modulato DN 65 + TA Slider 750plus/220V	парче	4	136750	547000
7	Хидрауличнен регулационен уред - бафер од 2000 литри Приклучоци: 4×DN100, горен приклучок за автоматски вентил DN15, долен приклучок за испуст DN20, приклучок за термометар, приклучок за манометар	парче	1	120000	120000
8	Комплет од челични прирабнички сетови за приклучоци на бафер, дихтунг, завртки, навртки, обични и еластични-федер подлошки DN100 / Ø4"	комплети	4	3190	12760
9	Електронски водена циркулациона пумпа 50Hz со работна точка: Q=45,2 m³/h, Δp=75 kPa Pmax=1500W Imax=2,90A U=3x380V Или соодветен по технички карактеристики	парче	1	101700	101700
10	Циркулациона пумпа 50Hz со работна точка: Q=45,5 m³/h, Δp=15 kPa Pmax=1377W Imax=6,18A U=1x3230V Или соодветен по технички карактеристики	парче	2	89000	178000
11	Лемен противструен плочест топлиноизменувач вода+30%глокол/вода со топлинска снага 260kW и 30% резерва во плочи	парче	1	398400	398400
12	Термометар	парче	4	1580	6320
13	Манометар	парче	4	680	2720
14	Автоматски вентил за обезвоздушување	парче	1	450	450
15	Фаќач на нечистотии				
	DN100	парче	2	11000	22000
16	Експанзионен сад волумен 50 lit.	парче	4	3900	15600
17	Сигурносен вентил со пружина	парче	5	680	3400

	DN 15, Δp=3 bar				
18	Цевен развод од поцинкувани цевки				
	Ø76,1×1,5 mm	m'	18	1530	27540
	Ø88,9×1,5 mm	m'	12	1900	22800
	Ø108×2,0 mm	m'	78	2350	183300
19	Press fitting, се наплаќа 100% од позиција 16	%	100	233640	467280
20	Press адаптери	парче	30	3750	112500
21	Еластомерна топлинска изолација со дебелина d=13 mm	m'	86	945	81270
22	Еластомерна изолациона трака	m'	61	680	41480
23	Налегнувачки термостат	парче	1	1430	1430
24	Неделен тајмер	парче	1	3750	3750
25	Електроенергетски ормар за топлинска пумпа и циркулациони пумпи, комплет со осигурувачи, контактори и биметали, снага цца 90 kW, степен на заштита IP54	паушал	1	58500	58500
26	Polypropilene glycol t=-100°C	кг	800	250	200000
27	Пуштање во погон	паушал	1	12000	12000
				Вкупно 1	**5739880**
2	**Градежни работи:**				
1	Ископ на земја од III или V категорија, 80% машински и 20% рачен ископ	m^3	50	835	41750
2	Планирање на ров	м'	40	280	11200
3	Порамнување на ров со слој од песок или земја со d=20cm	м'	40	560	22400
4	Изработка на АБ канал со долна плоча со дебелина d=0,15m, ширина b=1m и со странични АБ ѕидови со висина a=0,80m, армирана двослојно со арматурна мрежа Q335	m^3 kg	16 1000	16760 110	268160 110000
5	Изработка на АБ лиени капаци за покривање на АБ канал со должина d=1m, ширина b=0,6m и дебелина од h=0,15m армирана двослојно со арматурна мрежа Q335 и со узенгии за демонтажа	m^3 kg	6 400	22350 110	134100 44000
6	Носечки профили 60×40×4mm за носење на цевна мрежа	м'	18	1120	20160
7	Затрпување на подземен АБ канал со преостаната земја	m^3	10	645	6450
8	Отстанување на вишок земја до депонија 2 km од градилиште	m^3	40	980	39200
9	Изработка на АБ фундамент со димензии канал со долна плоча со должина l=8m, ширина b=4m и висина 0,50м армирана двослојно со Ø12 или Ø14mm арматурни прачки, марка на бетон повисок од МВ30	m^3 kg	16 900	16760 110	268160 99000
				Вкупно 2	**1064580**

	ВКУПНО 1+2 без ДДВ	**6804460**

3. ПОСТАВУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ТОПЛИНСКИ ПУМПИ ЗА ЦЕНТРАЛНО ТОПЛОВОДНО ГРЕЕЊЕ ВО ОПШТИНСКИ ОБЈЕКТ– ОПШТИНА АРАЧИНОВО

Ред. Бр.	Предмет и опис	Единична Мерка	Количина	Единечна Цена – Без ДДВ	Вкупно Без ДДВ
1	**Машински работи**				
1	Топлинска пумпа со топлинска снага од 65 kW или соодветна по технички карактеристики	парче	1	653500	653500
2	Профилен челик за носив елемент на топлинската тумпа	кг	80	90	7200
3	Антивибрациони носиви елементи - пружини	парче	4	3150	12600
4	Флексибилна витаулик спојка за топлинска пумпа со холендер DN 50	парче	2	6380	12760
5	Топчести вентили				
	DN 65	парче	7	12200	85400
	DN 50	парче	8	7890	63120
	DN 25	парче	1	5500	5500
	DN 20	парче	1	300	300
	DN 15	парче	1	240	240
6	Баланс вентили во комплет со актуатор				
	IMI TA STAP DN 50 или соодветен по технички карактеристики	парче	1	9700	9700
7	Хидрауличнен регулационен уред - бафер од 500 литри Приклучоци: 4×DN65, горен приклучок за автоматски вентил DN15, долен приклучок за испуст DN20, приклучок за термометар, приклучок за манометар	парче	1	36200	36200
8	Комплет од челични прирабнички сетови за приклучоци на бафер, дихтунг, завртки, навртки, обични и еластични-федер подлошки DN100 / Ø4"	комплети	4	3190	12760
9	Електронска водена циркулациона пумпа 50Hz со работна точка: Q=11,5 m^3/h, Δp=75 kPa	парче	1	70950	70950

	Pmax=500W Imax=2.3A U=1x230V Или соодветен по технички карактеристики карактеристики				
10	Електронска водена сиркулациона пумпа 50Hz со работна точка со работна точка: Q=11,3 m^3/h, Δp=15 kPa Pmax=270W Imax=1,26A U=1x230V Или соодветен по технички карактеристики	парче	2	106100	212200
11	Лемен противструен плочест топлиноизменувач вода+30%глокол/вода со топлинска снага 65kW и 30% резерва во плочи	парче	1	93380	93380
12	Термометар	парче	4	1580	6320
13	Манометар	парче	4	680	2720
14	Автоматски вентил за обезвоздушување	парче	1	450	450
15	Фаќач на нечистотии				
	DN 50	парче	2	11000	22000
16	Експанзионен сад волумен 50 lit.	парче	1	3900	3900
17	Сигурносен вентил со пружина DN 15, Δp=3 bar	парче	2	680	1360
18	Цевен развод од поцинкувани цевки				
	Ø54×1,5 mm	m'	26	685	17810
19	Press fitting, се наплаќа 100% од позиција 16	%	100	17810	35620
20	Press адаптери	парче	25	3750	93750
21	Еластомерна топлинска изолација со дебелина d=13 mm	m'	28	945	26460
22	Еластомерна изолациона трака	m'	15	680	10200
23	Налегнувачки термостат	парче	1	1430	1430
24	Неделен тајмер	парче	1	3750	3750
25	Електроенергетски ормар за топлинска пумпа и циркулациони пумпи, комплет со осигурувачи, контактори и биметали, снага цца 90 kW, степен на заштита IP54	паушал	1	58500	58500
26	Polypropilene glycol t=-100°C	кг	400	250	100000
27	Пуштање во погон	паушал	1	12000	12000
				Вкупно Без ДДВ	**1672080**